**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# АНЕКС

## НА

# Б И Л Т Е Н

## Бр. 447

**ГОДИНА XXXIX, Битола, 13.11.2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

Одговорен уредник М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор Проф. д-р Виолета Маневска, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Светлана Николоска, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор
Технички факултет-Битола

Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор
Економски факултет-Прилеп

Д-р Елена К. Ристоска, советник

Уредник Д-р Елена К. Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

**ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА**

Реферат за избор на стручен соработник – лаборант .................................................................. 1

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - ЛАБОРАНТ

Наставно-научниот совет на Факултетот за биотехнички науки,Универзитет“Св. Климент Охридски” – Битола, на својата седница одржана на 29.10.2018 година со Одлука број 02-911/9 формира Рецензиона комисија за избор на стручен соработник – лаборант во состав:

1. Д-р Гордана Димитровска, вонреден професор на Факултетот за биотехнички науки, Универзитет “Св.Климент Охридски” - Битола (претседател),

2.Д-р Николче Јанкуловски, вонреден професор на Факултетот за биотехнички науки, Универзитет “Св.Климент Охридски” - Битола (член),

3.Д-р Елена Јошевска, вонреден професор на Факултетот за биотехнички науки, Универзитет “Св.Климент Охридски” - Битола (член),

По разгледувањето на приложената документација Рецензионата комисија го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот објавен во дневните весници “Нова Македонија” и “Коха” на 06.10.2018година во предвидениот рок, целокупна документација доставија 3 (три) кандидати: дипл.инж. Божидар Бошковски, дип.инж. Милена Магеровска и дипл.инж. Валентина Мицевска.

**1. Дипл.инж. Божидар Бошковски**

Кандидатот Божидар Бошковски не го исполнува условот од конкурсот: нема завршено Факултет за биотехнички науки.

**2. Дипл.инж.Милена Магеровска**

Дипл.инж. Милена Магеровска е родена на 24.10.1975 година во Битола. Основно и средно образование завршила во Битола, Р. Македонија. Има завршено прв циклус на студии со 240 ЕКТС на Факултетот за биотехнички науки во Битола, студиска програма Преработка на анимални производи.

Во периодот од 12.06.1995 година до 31.08.2004 година работела како помошник лаборант во производство и полнење минерална вода во А.Д. Пелистерка – Битола, за што кандидатот има приложено потврда.

Од странските јазици активно се служи со англиски јазик (B1) за што кандидатот има приложено сертификат.

Има активно познавање на САП и работа со компјутерски програми за канцелариско работење (Windows, Word, Excel, Power Point, Windows+, Outlook Express), за што кандидатот има приложено сертификат.

Поседува возачка дозвола од Б категорија.

**3.Дипл.инж. Валентина Мицевска**

Дипл.инж. Валентина Мицевска е родена на 09.12.1967 година во Битола. Основно и средно образование завршила во Битола, Р. Македонија. Има завршено

додипломски универзитетски студии со 240 ЕКТС на Факултетот за биотехнички науки во Битола, студиска програма Преработка на анимални производи.

Во периодот од 1995 година до денес вработена е на работно место одговорен лабораториски техничар во отсекот микробиолошка лабораторија во Одделението за пнеумофтизиологија, во ЈЗУ Клиничка болница, д-р Трифун Пановски, Битола.

Од странските јазици активно се служи со англиски јазик (В1) за што кандидатот има приложено сертификат.

Има активно познавање на канцелариско работење и Microsoft Officeпрограми (Word и Excel), за што кандидатот има приложено сертификат.

Поседува и сертификат за учество на HACCP School of Excellence во период од 26.03-28.04.2012 година.

Поседува возачка дозвола од Б категорија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација и разгледувањето на истата, Рецензионата комисија констатира дека кандидатитедипл.инж.Милена Магеровска и дипл. инж. Валентина Мицевска,ги исполнуваатусловите предвидени со Законот за високо образование,условите предвидени во општите акти на Универзитетоти Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно стручни, наставни, научни и соработнички звања на Универзитетот “Св.Климент Охридски” – Битола.

Комисијата констатира дека кандидатката дипл.инж.Милена Магеровска има оформено солидно образование на прв циклус универзитетски студии со повисок просечен успех на студиии дека се работи за кандидат со стекнато работно искуство како помошник лаборант со познавање на основни лабораториски методи и работа со аналитички инструменти во прехранбениот сектор.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензионата комисијаму предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за биотехнички науки - Битола, да ја избере кандидатката **дипл.инж. Милена Магеровска** за стручен соработник-лаборант.

**Рецензиона комисија**:

Д-р Гордана Димитровска, вонреден професор,Факултет за биотехнички науки, Универзитет “Св.Климент Охридски” –Битола, претседател, с.р

Д-р Николче Јанкуловски, вонреден професор, Факултет за биотехнички науки, Универзитет “Св.Климент Охридски- Битола, член,с.р

Д-р Елена Јошевска, вонреден професор, Факултет за биотехнички науки, Универзитет “Св.Климент Охридски” –Битола, член,с.р